2012

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОДАНОЧУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Пријавување, утврдување и плаќање на данок на доход на капитални добивки од продажба на хартии од вредност

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 10.01.2012 година

Уредници: Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација
Севдие Исмаили - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци
Анета Гелевска - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за информатичка технологија

Наслов: Оданочување на капитални добивки од продажба на хартии од вредност

ISBN: 978-608-4592-26-6
Бр: 09-265/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/6

**2012 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД .......... 2

ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ.......... 3
- Кој е обврзник на персоналниот данок на доход?.......... 3

ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ.......... 4
- Поднесете Аконтативна даночна пријава!.......... 4
- Колку пријави треба да поднесете?.......... 4
- Дали да ги пријавите приходите ако сте оствариле капитална загуба?.......... 5
- Пребивање на капитална загуба.......... 5

ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ.......... 6
- Даночна стапка и даночна основа.......... 6

УТВРДУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ.......... 7
- Како и кога треба да го платите данокот?.......... 7

ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА.......... 8
- Кои други обврски ги имате како даночен обврзник?.......... 8

## ВОВЕД

Оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност е воведено од 1 јануари 2006 година.

Оваа брошура треба да ве информира за основните правила при пријавување, утврдување и плаќање на данокот на приходи кои како физичко лице - граѓанин ги остварувате од тргување со хартии од вредност на Македонската берза.

Преку брошурата ќе дознаете:

- Што се подразбира под приходи од капитални добивки од продажба на хартии од вредност?
- Кој е обврзник на персоналниот данок на доход?
- Дали капиталните добивки од продажба на обврзници од денационализација и обврзници за депонирани девизни влогови подлежат на оданочување?
- Што е основа за пресметување на данокот?
- Која даночна стапка се применува за пресметка на данокот?
- Како и кога да ги пријавите приходите?
- Како се врши утврдување и плаќање на персоналниот данок на доход?
- Кога треба да го платите утврдениот данок?
- Кои други обврски ги имате како даночен обврзник?

## ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Капитална добивка е приход (позитивна разлика од набавната вредност и продажната вредност), што обврзникот го остварува од продажба на хартии од вредност, учество во капитал и недвижен имот.

Како хартии од вредност се сметаат следниве инструменти:
- акции во трговски друштва,
- обврзници,
- инструменти на пазарот на пари,
- акции во инвестициските фондови кои работат според Законот за инвестициски фондови,
- деривативни финансиски инструменти,
- потврда за странска хартија од вредност, и
- други финансиски инструменти кои според Комисијата за хартии од вредност се сметаат за хартии од вредност.

Капиталните добивки остварени при продажба на обврзници за денационализација и обврзници за депонирани девизни влогови издадени од Република Македонија не подлежат на оданочување со персонален данок на доход.

### Кој е обврзник на персоналниот данок на доход?

Приходите што сте ги оствариле по основ на капитална добивка од продажба на хартии од вредност подлежат на оданочување со персонален данок на доход.

Обврзник на данокот на доход за остварените приходи сте вие како физичко лице - граѓанин кое тргувало и извршило продажба на хартии од вредност на Македонската берза.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### Поднесете Аконтативна даночна пријава!

Без разлика дали сте оствариле капитална добивка, односно капитална загуба, имате обврска приходите кои сте ги оствариле од продажба на хартии од вредност да ги пријавите во Управата за јавни приходи.

Пријавувањето се врши со пополнување на Аконтативна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на капитални добивки (образец “ПДД-АДП/КД”). Образецот преземете го преку веб линкот
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/28

Поднесете ја даночната пријава, најдоцна во рок од 15 дена од денот на остварување на приходот, во даночните канцеларии на УЈП според местото на живеење, односно во Контакт Центарот во Скопје без разлика каде се наоѓа вашето место на живеење.

На граѓаните кои со задоцнување или воопшто нема да поднесат Аконтативна даночна пријава во пропишаниот рок, УЈП ќе им изрече глоба за сторен прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност.

### Колку пријави треба да поднесете?

✓ Ако во исто време имате две трансакции во кои сте оствариле по една капитална добивка/загуба од продажба на хартии од вредност, во тој случај ќе поднесете една Аконтативна даночна пријава.

✓ Ако сте оствариле повеќе капитални добивки/загуби од ист вид (имате повеќе трансакции од продажба на хартии од вредност), во тој случај соодветно на трансакциите поднесувате и толкав број на пријави.

## Дали да ги пријавите приходите ако сте оствариле капитална загуба?

Доколку со продажба на хартии од вредност сте оствариле капитална загуба (негативна разлика од набавната и продажната вредност), имате обврска да поднесете Аконтативна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на капитални добивки (образец "ПДД-АДП/КД") до Управата за јавни приходи.

> За остварената капитална загуба, УЈП не пресметува персонален данок и не доставува решение до граѓанинот.

Пријавувањето на капитална загуба ќе ви овозможи да извршите пребивање на загубата и да ја намалите даночната основа при пресметување на данокот на капитални добивки кои ќе ги остварите во иднина.

## Пребивање на капитална загуба

Доколку сте оствариле капитална загуба од продажба на хартии од вредност, загубата ви се пребива со наредните капитални добивки кои ќе ги остварите.

Пребивањето на капиталната загуба од хартии од вредност се врши со остварените капитални добивки од продажба на хартии од вредност, учество во капитал и недвижен имот.

Доколку и по извршеното пребивање се појави капитална загуба, износот на загубата можете да го пренесете на идните капитални добивки во наредните три години.

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### Даночна стапка и даночна основа

Даночната стапка по која се пресметува персоналниот данок на доход изнесува 10%. УЈП го пресметува данокот на даночната основа која претставува 70% од разликата помеѓу продажната цена на хартиите од вредност и нивната набавна цена.

**Пример**: На 15.01.2012 година лицето "МН" преку брокер купило 200 акции по набавна цена од 500 денари по акција. На ден 01.03.2012 година акциите се продадени преку берза по продажна цена 700 денари по акција.

**Пресметка**

1. Продажна вредност (200 акции х 700 денари)........................................140.000
2. Набавна вредност (200 акции х 500 денари)..........................................100.000
3. Капитална добивка (ред.бр.1 - ред.бр.2)...................................................40.000
4. Даночна основа (ред.бр.3 х 70%)...............................................................28.000
5. Персонален данок (28.000 х 10%)...............................................................2.800

**Продажна цена** на хартиите од вредност е цената која сте ја договориле и по која сте ги продале акциите. Управата за јавни приходи, за даночни цели, може да ја утврди продажната цена доколку оцени дека договорената цена е пониска од пазарната.

**Набавна цена** на хартиите од вредност е цената по која сте ги набавиле или стекнале и која документирано ќе ја докажете. Ако тоа не го сторите, а хартиите од вредност кои ги продавате:

- **котираат на берза**, УЈП како набавна цена ќе ја земе најниската цена на акциите од трансакциите извршени во текот на годината која претходи на продажбата на хартијата од вредност.
- **не котираат на берза**, како набавна цена ќе се смета цената која документирано ќе ја докажете како стварно платена, или ако тоа не го сторите, нивната номинална вредност.

## УТВРДУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ

Врз основа на податоците од поднесената аконтативна даночна пријава за приходите остварени од продажба на хартии од вредност, и службените податоци, УЈП ќе го утврди персоналниот данок на доход и ќе ви достави решение.

> Утврдениот данок во даночното решение, за странското физичко лице - нерезидент на Република Македонија ќе претставува конечно утврдена даночна обврска во Република Македонија.

Решението ќе ви биде доставено по пошта, во рок од 60 дена од денот на приемот на аконтативната даночна пријава во Управата за јавни приходи.

### Како и кога треба да го платите данокот?

Данокот на доход утврден со решението на Управата за јавни приходи треба да го платите во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на обврската.

Плаќањето се врши на уплатница „Налог за јавни приходи" (образец ПП 50), на следната уплатна сметка:

✓ **840-____-1520** - Данок на доход на приходи од капитални добивки од продажба на хартии од вредност и приходна шифра 711125.

## ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА

### Кои други обврски ги имате како даночен обврзник?

Како граѓанин во текот на годината можете да остварувате приходи по повеќе основи[1], односно покрај вашата плата или пензија, на пример сте оствариле и приходи од издавање во закуп на станбен објект (кирија) или можеби сте тргувале на берза, или сте оствариле хонорар по основ на авторски договор, понатаму сте учествувале во наградна игра и сте оствариле добивка и слично.

Значи, покрај обврската да поднесете Аконтативна даночна пријава (образец “ПДД-АДП/КД”), по истекот на календарската година имате обврска сите ваши приходи кои сте ги оствариле по различни основи во текот на годината да ги пријавите во Годишна даночна пријава (образец “ПДД-ГДП“)[2].

Странско физичко лице - нерезидент кое остварило приходи од капитални добивки од продажба на хартии од вредност на територијата на Република Македонија, освен аконтативна даночна пријава нема обврска да поднесе Годишна даночна пријава (образец “ПДД-ГДП”).

Годишната даночна пријава се поднесува во даночните канцеларии на УЈП по истекот на годината за која се утврдува данокот, најдоцна до 15 март наредната година. На пример, за приходите кои сте ги оствариле во текот на 2012 година, треба да поднесете Годишна даночна пријава до 15 март 2013 година.

> На граѓаните кои со задоцнување или воопшто нема да поднесат Годишна даночна пријава во пропишаниот рок, УЈП ќе им изрече глоба за сторен прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност.

---

1) За повеќе информации во врска со оданочувањето на приходите на граѓаните посетете ја веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/fizicki_lica
2) Види и публикација „Годишна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход” http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/2

**Контакт Центар**
Кеј 13-ти Ноември (Градски Трговски Центар
2-ри кат) локал 500, 1000 Скопје
тел. 0800 33 000

**Генерална Дирекција на УЈП**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу” бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада“ бр. 2-а, 1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална Дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври” бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална Дирекција Битола**
ул. „Борис Кидрич” бр. 24, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална Дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара” бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална Дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода” 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална Дирекција Кавадарци**
ул. „Едвард Кардељ” 66, 1430 Кавадарци
тел. 043/411 752; факс 043/411 751



# КОНТАКТ ЦЕНТАР

## Сите Одговори на едно место!

Заштедете време, користете лесна и брза комуникација за општите прашања и информации во врска со оданочувањето, одделните даночни процедури и постапки за плаќање. Нашите оператори се достапни секој ден од **09.00** до **20.00** часот, освен недела.

### ИНФО ДАНОЦИ 0800 33 000

- ☑ Регистрација на даночен обврзник
- ☑ Оданочување и даночни постапки
- ☑ Поднесување на даночни пријави
- ☑ Користење на е-даноци
- ☑ Даночни олеснувања и ослободувања
- ☑ Плаќање даноци и придонеси

Бидете наш партнер во спречување мито, корупција и сузбивање на даночната евазија. Телефонската линија е мобилна **24 часа / 7дена**. Анонимноста и дискрецијата на јавувачот се обезбедени во целост.

### ПРИЈАВЕТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ 198

- ☑ Неиздавање на фискална сметка
- ☑ Вршење на нерегистрирана дејност
- ☑ Затајување на данок
- ☑ Непрофесионално однесување на даночен службеник
- ☑ Мито и корупција
- ☑ Недоставена пресметка од исплатувачот на приходи

Телефонските повици кон линиите на УЈП се **бесплатни**.

www.ujp.gov.mk info@ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-26-6